Уп. бр.08-9

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Јунајтед Медиа С.а.р.л. (United Media S.à.r.l.), со регистрирано седиште на адреса Булевар Пјер Фриден 43, Л – 1543, Луксембург, доставено преку адвокат Божидар Милошевиќ од Скопје, на седницата одржана на ден 10.02.2021 година, го донесе следното

## РЕШЕНИЕ

1.Се утврдува дека концентрација со која Јунајтед Медиа С.а.р.л. Луксембург стекнува самостојна контрола над трговското друштво Весник Телеграф ЕООД (Vestnik Telegraf EOOD), со регистрирано седиште на адреса Цариградско Шосе, 6ти спрат, 1784, Софија, Бугарија, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## Образложение

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата, на ден 20.01.2021 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) беше доставено известување за концентрација од страна на Јунајтед Медиа С.а.р.л. (United Media S.à.r.l.), со регистрирано седиште на адреса Булевар Пјер Фриден 43, Л – 1543, Луксембург, со која Јунајтед Медиа С.а.р.л. Луксембург стекнува самостојна контрола над трговското друштво Весник Телеграф ЕООД (Vestnik Telegraf EOOD), со регистрирано седиште на адреса Цариградско Шосе, 6ти спрат, 1784, Софија, Бугарија.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истото, го утврди следното:

Подносителот е во крајна сопственост на фондови советувани од БЦ Партнерс, меѓународен инвестициски фонд со седиште во Лондон. БЦ фондовите се исклучиво финансиски инвеститори, т.е. не се вклучени во секојдневните деловни активности на компаниите во кои инвестираат, со кои управуваат сопствени одбори на директори. БЦ Партнерс е меѓународен инвестициски фонд кој нуди избрани, фокусирани инвестициони стратегии наменети да се дополнуваат една со друга и да создаваат добивка во корист на своите инвеститори. Основан во 1986 година како еден од првите пан-европски инвеститори, БЦ Партнерс се развил во една од водечките алтернативни инвестициони компании, инвестирајќи првенствено во поголеми бизниси во Европа и Америка преку својата мрежа на канцеларии во Лондон, Хамбург и Њујорк.

Подносителот е дел од потесната групација во состав на БЦ Партнерс – Јунајтед Групата (United Group), која обезбедува телекомуникациски и медиумски услуги во неколку држави од регионот. Јунајтед Медиа претставува трговско друштво кое управува со медиумски услуги и услуги на огласување во рамки на групацијата, вклучувајќи производство и емитување на телевизиски канали, производство и набавка на програмска содржина и поврзани активности.

Во Северна Македонија, БЦ Партнерс е присутен преку следните индиректно зависни друштва:

- **Тотал ТВ ДОО Скопје**, друштво основано согласно законите на Република Северна Македонија, со регистрирано седиште на адреса Булевар ВМРО бр. 3, Центар, Скопје, Република Северна Македонија, а кое се бави со дистрибуција на медиумски содржини преку DTH техничка платформа; и
- **ДИРЕЦТ МЕДИА ДООЕЛ Скопје**, друштво основано согласно законите на Република Северна Македонија, со регистрирано седиште на адреса Орце Николов 68/3, Центар, Скопје, Република Северна Македонија, кое се бави со маркетиншки дејности.

Исто така, на територијата на Северна Македонија БЦ Партнерс, преку Јунајтед Групата, се присутни со обезбедување на следните услуги:

— телевизиски канали кои се емитуваат од страна на поврзани друштва, односно реемитуваат од страна на локални оператори, вклучувајќи ги N1, Grand, Cinemania, Sport Klub, Fight Channel, Pikaboo, Vavoom, IDJTV, Lov i Ribolov, Brainz, Nova S итн. (Јунајтед Медиа);
— услуги за огласување (Дирецт Медиа (Direct Media), Кас Медиа (Cas Media));
— телекомуникациски услуги (ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје; минимални приходи на локалниот пазар остваруваат Србија Бродбенд – Српске кабловске мреже д.о.о. Белград (Serbia Broadband – Srpske kablovske mreže d.o.o. Beograd) и Телемах д.о.о. Љубљана (Telemach d.o.o. Ljubljana).

xxx[1]

Весник е друштво основано во 2019 година и во моментов е издавач на печатени весници и интернет портал кои претходно биле во сопственост на компанијата Телеграф Медиа ЕООД (Telegraf Media EOOD), која во моментов е во постапка на доброволна ликвидација. Од октомври 2020 година, наведеното друштво повеќе не се бави со било какви деловни активности. Весниците кои ги издава Целното друштво ги вклучува „Telegraf“, „Monitor“, „Mač Telegraf“, „Hristijanče“ (Hrišćanin), „Agro Telegraf“, како и интернет порталот https://www.monitor.bg/bg.

Целното друштво нема било какво присуство во Република Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1 и 2 од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за утврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законотза заштита на конкуренцијата, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот за заштита на конкуренцијата тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф.Д-р Владимир Наумовски**

[1] Податоците се службена тајна